**С Е М И Н А Р С К А  Р А Б О Т А**

# Основи на економија

**ТЕМА :**

**Пазар на труд**

**М Е Н Т О Р :** **И З Р А Б О Т И Л :**

www.MaturskiRadovi.NET

# Содржина

Вовед........................................................................................................................2

Побарувачката за работна сила...........................................................................................3

Пазарна, вкупна побарувачка за труд.................................................................................4

Понудата на работна сила.....................................................................................................5

Разлика во плати.......................................................................................................................6

Значењето на дискриминацијата и чистењето на пазарот на трудот – ортодоксален пристап.......................................................................................................................................8

Значењето на синдикатите.......................................................................................................9

Заклучок....................................................................................................................................11

Користена литература..........................................................................................................12

# ВОВЕД

Економијата е наука која изучува што треба да се произведува, како да се произведува и за кого. Економијата исто така го проучува движењето на цените, производството, невработеноста, извозот, увозот, општесвениот производ, националниот доход, инвестициите, потрошувачката и др.

Економијата всушност бара начин како да влијае врз факторите на овие движења за да ги насочи во саканиот правец и да ги зголеми ефектите во општеството. Тоа го остварува преку мерките и инструментите на макроекономската политика. Втора дефиниција за економија би била дека таа бара одговор како субјектите оптимално да ги користат ограничените ресурси(работна сила, машините, опремата, информациите) за создавање на различни стоки.

Значи економијата е научна област со која се истражува како субјектите во едно општество да ги користат ограничените ресурси за да создадат вредни производи и да ги распределат меѓу субјектите во општеството.

## 1. ПОБАРУВАЧКАТА ЗА РАБОТНА СИЛА

Побарувачката на работна сила(труд), како што впрочем тоа е случај и со побарувачката на секој друг фактор на производство е изведена. Тоа значи дека таа зависи од побарувачката за финални производи што ги произведува определен вид на труд.

Во моделот на потполна конкуренција побарувачката на труд е детерминирана од соодносот помеѓу маргиналниот приход на трудот и неговитот маргинален трошок. Според тоа фирмата што го максимизира профитот во услови на потполна кункуренција ќе вработува нови работници се дотогаш додека маргиналниот приход (маргиналниот производ помножен со цената на производот) што се добива од дополнително ангажираниот работник е поголем од маргиналниот трошок(наемнината) на дополнително ангажираниот работник.



## ПАЗАРНА, ВКУПНА ПОБАРУВАЧКА ЗА ТРУД

Пазарната(вкупната) побарувачка за труд се добива со собирање, агрегирање, на поединечните побарувачки на труд на секое претпријатие. Додека кај поединечната побарувачка за труд цената на производот е фиксна( будејќи претпријатието само по себе има маргинално учество во вкупната понуда), кај пазарната(вкупната) побарувачка за труд цената на производот може да се намали (бидејќи ако најголемиот број од претпријатија го зголемат аутпутот, тоа нужно ќе се одрази и врз вкупната понуда).

Побарувачката за труд во услови на ограничена конкуренција (монопол или пак олигопол) ја детерминираат поинакви законитости. Имено, маргиналниот приход на претпријатието што работи во услови на ограничена конкуренција (кривата на побарувачката за труд), опаѓа од две причини: заради дејствувањето на законот за опаѓачките приноси и заради опаѓањето на цената на производот. Затоа претпријатието што има монополистичка моќ попрофитабилно е да има помало производство, а со тоа и да вработува помалку работници.

## ПОНУДАТА НА РАБОТНА СИЛА

Понудата на работната сила ни го пакажува бројот на часовите што работоспособното население сака да ги помине на работните места кои обезбедуваат плати: во индустријата, земјоделските стпанства, малите бизниси и државните служби.

Вкупното население е основниот избор од кој се регрутира работната сила на една земја. Бројноста на населението е одредена од стапката на природниот прираст на населението (разликата помеѓу стапката на раѓање-наталитет и стапката на умирање-морталитет) и од миграционите движења на населението.

Активното население (стапката на партиципација) го сочинуваат лицата во работна возраст кои се вработени и лицата во работна возраст кои се без работа, но активно бараат работа.

Постои секуларна, долгорочна тенденција, на намалување на стапката на партиципација на постарото машко население, што е детерминирано од порастот на реалните плати, зголемувањето на социјалната помош, помошта на хендикипираните лица и сл. Меѓутоа, истовремено, доаѓа до пораст на стапката на партиципација на женското население, што е детерминирано од дејството на поголем број на фактори: пораст на реалните плати на жените, зголемување на опфатот на женското население со сите степени на образование, опаѓање на стапките на наталитетот, менувањето на ставовите и погледите за улогата на жената во семејството и општеството, зголемувањето на бројот на разводите итн. Двете тенденции,

долгорочно водат кон конвергенција, приближување на стапките на партиципација на женската и машката популација.

**Ефектот на супституцијата и ефектот на доходот** детерминираат како ќе реагира понудата на работна сила на зголемените саатнини-плати. При тоа ефектот на супституција ги стимулира работниците да работат повеќе, да жртвуваат дел од слободното време, бидејќи секој час труд сега се плаќа повеќе. Обратно, ефектот на доходот ги стимулира работниците да работат помал број на часови. Со поголема плата тие имаат поголем доход. Поголемиот доход им овозможува да купат повеќе добра, но исто така ги стимулира и повеќе да уживаат во слободното време.

## РАЗЛИКИ ВО ПЛАТИ

Големите разлики во платите помеѓу одделни категории на работници во иста земја, барем во еден свој дел, можат да се објаснат со следниве фактори: разлики во квалитетот на трудот(вложувањата во човечкиот капитал), компезирачки разлики во наемнините(додатоци за работа под специфични услови, врзани за ризици по здравјето или животот на работникот), елементи на рента кај наемнините(големи примања на особено надарени и славни личности) и неконкурентни групи на пазарот на трудот (постоење на многу различни професии кои бараат и многу различни знаења, така што припадниците на различните професии меѓу себе се неконкурентни-хирург и архитект, на пример).

Стремежот на секоја економска политика е да се постигне полна и одржлива вработеност, односно вработеност за сите поединци кои се способни за работа, посакуваат да работат и активно бараат работа. Оваа заложба станува уште позначајна во случајот на транзициските економии, каде што неповолните економските тенденции резултираа во низа негативни последици, како што се: контракција на аутпутот и вработеноста, редистрибуција на приходите и изразена социјална раслоеност. Во доменот на пазарот на труд, транзицијата беше поттикната од две движечки сили, и тоа: сопственичкото реструктуирање и секторската реалокација (Blanchard, 1997). Овие процеси повлекоа масовна трансформација на државниот во приватен капитал, како и реалокација на значителен дел од работната сила од базичните индустриски гранки кон секторот на услугите. Со оглед на тоа дека во почетокот од транзицијата приватниот сектор не беше доволно развиен да ја прими армијата невработени од поранешниот државен сектор, појавата на ‘отворена невработеност’ претставуваше неминовност. Имајќи ги предвид социјалните импликации од долгорочната невработеност, манифестирани преку зголемена сиромаштија и појава на социјална ексклузија, речиси сите земји во транзиција го ставија намалувањето на невработеноста меѓу нивните најзначајни макроекономски цели. Од денешен аспект, земјите во транзиција не беа подеднакво успешни во водењето на транзициската трансформација, било поради разликите во инцијалните услови, контекстуалните разлики или поради различните типови политики и тајмингот на нивното спроведување. Како резултат на тоа, транзициските земји претставуваат хетерогена група и се разликуваат според искуствата, како и степенот на успешност во остварувањето на

транзиционите реформи (Svejnar, 2002). Земјите од Централноисточна Европа (ЦИЕ), Балтичките земји и Словенија беа најуспешни во надминувањето на почетната рецесија, остварувајќи динамика на нивните БДП и вработеноста, што стилизирано може да се претстави во облик на латиничната буква U. За успешноста на транзицискиот процес во овие земји, од неодамна придружени од Романија и Бугарија, зборува фактот што тие денес се полноправни членки на ЕУ. Спротивно на оваа група земји, земјите што произлегуваат од поранешниот Советски Сојуз, а денес ја сочинуваат Заедницата на независни држави (ЗНД) и земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ) сé уште се соочуваат со висока и перзистентна невработеност, како последица од нивниот низок институционален капацитет што генерира скромни развојни можности.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ЧИСТЕЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ-ОРТОДОКСНИОТ ПРИСТАП

**Дискриминацијата** на пазарот на трудот постои кога работниците различно плаќаат, не затоа што постигнуваат различна производност на трудот, туку затоа што се мажи или жени, бели или црни или пак припаѓаат на различни религии.

Според **ортодоксната теорија** за пазарот на трудот и овој пазар функционира како и секој друг, низ слободната игра на понудата и побарувачката. Фактички, темелната поставка на ортодоксната теорија за пазарот на трудот се огледа во тврдењето дека работничките плати (наемнините) се флексибилни, односно променливи, и тоа не само

нагоре туку и надолу, а во зависност од понудата и побарувачката на работна сила. На тој начин доаѓа до врамнотежување, односно чистење на пазарот натруд. Поимот чистење на пазарот на трудот означува состојба во која не постои ниту вишок на понуда на работна сила(невработеност), ниту пак вишок на побарувачка на работна сила. Имено, ако на пазарот егзистира вишок на понуда на работна сила (невработеност), наемнините ќе се намалат, а работодавачите ќе бидат стимулирани да вработуваат нови работници за пониски плати. Така со тек на време невработеноста ви се исцрпила. Обратно пак во случај на вишок на побарувачката на работната сила, платите ќе манифестираат тенденција на пораст поради што работодавачите ќе бидат стимулирани поскапата работна сила да ја супституираат, заменуваат со машини(капитал), со што пазарот на трудот повторно би се врамнотежил.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА СИНДИКАТИТЕ

Синдикатите не дозволуваат намалување на наемнините на работниците, а во ист правец дејствува и државата со пропишување на минималните саатнини и давање на социјални трансфери. Така наемнините станууваат ригидни, непроменливи надолу, со што се оневозможува чистењето на пазарот на трудот.

Пазарот на трудот е специфичен пазар. Неговата особена природа најпрвин се огледа во фактот што т.н. институционален фактор-синдикатите, колективните договори, државната регулатива на пазарот на трудот и сл., имаат силно, ако не е решавачко влијание врз висината

на наемнините. Постоењето на т.н. **интерни пазари** на трудот во големите корпорации и двојната природа на пазарот на трудот (примарен и секундарен пазар на труд) се неговите останати специфичности.

Синдикатите и колективните договори имаат централна улога не само во оддржувањето на реалните плати на задолжително рамниште, туку и во регулирањето на целокупноста на работните односи: начин на вработување и отпуштање на работниците, заштита при работа, тренинг, прекфалификации, пензии, социјално осигурување, породилни отсуства, грижа за децата и тн. Хиерархијата на работните места и можноста вработените во корпорацијата да напредуваат од нејзините пониски кон повисоки скалила ја чини основата на интерните пазари во корпорациите.

Постоењето **на примапни и секундарни пазари** на труд ја чини суштината на сегментацијата на овој специфичен пазар. Примарниот пазар на труд се карактеризира со сигурност и стабилност на работното место, повисоки квалификации и повисоки наемнини на вработените, организираност на работниците во синдикати и можност на работникот да напредува во хиерархиската структура на корпорацијата. Секундарниот пазар на труд има токму обратни карактеристики.

## ЗАКЛУЧОК

Вкупното население е основниот избор од кој се регрутира работната сила на една земја. Бројноста на населението е одредена од стапката на природниот прираст на населението (разликата помеѓу стапката на раѓање-наталитет и стапката на умирање-морталитет) и од миграционите движења на населението.

Активното население (стапката на партиципација) го сочинуваат лицата во работна возраст кои се вработени и лицата во работна возраст кои се без работа, но активно бараат работа.

Понудата на работната сила ни го пакажува бројот на часовите што работоспособното население сака да ги помине на работните места кои обезбедуваат плати: во индустријата, земјоделските стпанства, малите бизниси и државните служби.

www.MaturskiRadovi.NET

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

**"Ekonomska teorija" m-r Natalija Petrovska 2006г**
**" Менаџерска економија" Проф Д-р Димо Димков**

www.kapital.com.mk
www.basme.com.mk
www.cea.org.mk/kolumni

**Gotovi seminarski, maturski, maturalni i diplomski radovi iz raznih oblasti, lektire , puškice, tutorijali, referati.** www.MaturskiRadovi.Net je specijalizovan tim za usluge visokokvalitetnog pisanja, istraživanja i obradu teksta za kompletan region Balkana.

Posetite nas na sajtovima ispod:

http://www.maturskiradovi.net

http://www.maturski.net

http://www.seminarskirad.org

http://www.seminarskirad.info

http://www.seminarskirad.biz

http://www.maturski.org

http://www.magistarski.com

http://www.essaysx.com

http://www.facebook.com/DiplomskiRadovi

Takođe, na sajtu pronađite i tutorijale, referate, primere radova, prepričane lektire, vesti, čitaonicu... Na ovom sajtu ste u prilici pronaći preko 10000 radova iz raznih oblasti: ekonomija (menadzment, marketing, finansija, elektronskog poslovanja, internet tehnologija, biznis planovi, makroekonomija, mikroekonomija, preduzetnistvo, upravljanje ljudskim resursima, ...), informatika (internet, informacione tehnologije, softver, hardver, operativni sistemi, baze podataka, programiranje, informacioni sistemi, računarske mreže, ...), biologija i ekologija, filozofija, istorija, geografija, fizika, hemija, književnost, matematika, likovno, psihologija, sociologija, ostali predmeti (politika, saobracaj, mašinstvo, sport, muzika, arhitektura, pravo, ustav, medicina, engleski jezik, ...).

Uspostavljanjem ovog projekta, zadovoljila se i veoma prisutna potreba za specijalizovanim timom, koji će na studente i omladinu pravovremeno i adekvatno delovati u edukativnom i pozitivno usmeravajućem pravcu, ali i predstavljati efikasnu podršku u pisanju sopstvenih radova.

U cilju pružanja što kvalitetnijeg sadržaja radova, okupljen je odabrani tim, sastavljen od iskusnih stručnjaka iz različitih oblasti, čiji je cilj da autorskim pristupom i prepoznatljivim stilom izrađuju i istražuju najrazličitije oblasti i afirmišu slučajeve iz prakse.

Za sada posedujemo gotove radove iz oblasti prava, ekonomije, ekonomike preduzeća, javnih finansija, spoljnotrgovinskog poslovanja, informatike, programiranja, matematike, fizike, hemije, biologije, ekologije, menadžmenta, astronomije, carine, špedicije, poreskog sistema, javne uprave, računovodstva...., a uskoro ćemo se proširiti i na ostale oblasti. Inače, izrada maturskih, seminarskih, diplomskih radova po želji je naša primarna opcija. Nakon što aplicirate za određeni rad, dobićete odgovor najkasnije za 24h.